Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 17-2431/17

19.03.2020 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.58/00, 44/02 и 82/08) и член 112 и член 114 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019), Министерот за здравство, донесе:

# ОДЛУКА
## за доделување на договор за јавна набавка/поништување на дел

Министерство за здравство на РСМ – Скопје, отпочна постапка за набавка со преговарање без објавување на оглас 17-2431/4 со предмет на набавка Реагенси и потрошен материјал (китови)за 1000 пациенти за вирус COVID19, согласно тендерската спецификација и спроведено преговарање

1. За најповолна понуда во Постапката на јавната набавка за набавка на Реагенси и потрошен материјал (китови)за 1000 пациенти за вирус COVID19 бр.17-2431/4 за доделување на договор за јавна набавка се избира/ат понудата/ите:

| Дел/делови | Понудувач | Вкупно без ддв |
|---|---|---|
| ДЕЛ 1 QiAmp Viral RNA Mini Kit (1/250 во кит) | **Биосистеми МК дооел Скопје** | 320.000,00 |
| ДЕЛ 2 Прајмери/Проби ( специфични за E и RdRp гените од COVID19) (40nmol) | **ТД Биомедика Дијагностика** | 38.000,00 |
| ДЕЛ 3 Copan 3mL UTM with 2 regular regular swaps 1/50 | Се поништува согласно став 114 став 1 алинеа 2 | |
| ДЕЛ 4 Ag –Path –ID One Step KT-PCR ( кит за 1000 реакции) | **Биосистеми МК дооел Скопје** | 141.450,00 |

Договорниот орган во оваа постапка согласно со огласот и тендерската документација има предвидено Изјава за сериозност на понудата. Договорниот орган ја активира изјавата за сериозност на понудата ако понудувачот:


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500 www.zdravstvo.gov.mk

- ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност,
- не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата,
- не го потпише договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда или
- не ја обезбеди гаранцијата за квалитетно извршување на договорот, ако договорниот орган ја предвидел во тендерската документација.

Доколку дојде до прекршување на дадената изјава за сериозност на понудата, истото ќе резултира со издавање негативна референца против таквиот понудувач на начин и согласно условите утврдени во Законот за јавните набавки.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 77 од Законот за јавни набавки ("Службен весник на РСМ" бр. 24/2019) Министерост за здравство на РСМ – Скопје, преку комисијата за јавни набавки формирана со одлука за јавна набавка бр. 17-2431/3 од 13/02/2020 година спроведе постапка за потреба од јавна набавка на: Реагенси и потрошен материјал (китови)за 1000 пациенти за вирус COVID19. Износот на средствата од 1.200.000,00 **денари без ддв** потребни за реализација на набавката се обезбедени од буџетот на РСМ, а во согласност со Нацрт записникот од Единаесетата седница на Владата на Република Северна Македонија број 44-17/16 од 11/03/2020 **година точка 4.**

Согласно со член 55 став 1 точка од Законот за јавни набавки се спроведе со постапка со преговарање без објавување на оглас.

По објавувањето на постапката бр. 2101/2020, Комисијата за јавни набавки изврши отварање на пристигнатите понуди на ден 02/03/2020 година во 12.00 часот во просториите на Министерството за здравство на РСМ – Скопје, на која со свои понуди учествуваа следните економски оператори:

| Рб | П о н у д у в а ч |
|---|---|
| | |
| 1 | **Биосистеми МК дооел Скопје** |
| 2 | **ТД Биомедика Дијагностика** |


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500 www.zdravstvo.gov.mk

| | |
|---|---|
| 3 | **Авицена Скопје** |
| 4 | **Гинекаликс Скопје** |

За начинот на работата и постапката спроведена од Комисијата за јавни набавки за наведената постапка состави Записник од јавното отварање на понудите .

По целосната проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до Министерот достави Извештај од спроведена постапка, со кој предлага Министерот на Министерство за здравство на РСМ – Скопје како овластен да донесе одлука за избор на најповолен понудувач согласно член 112 од законот за понудите кои во целост ги исполниле условите од огласот (тендерската документација) и неизбор согласно член 114 за останатите понуди, за што го дава и следното образложение.

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа долука.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова Решение незадоволниот понудувач има право да поднесе жалба согласно Законот за јавни набавки. Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до Договорниот орган и до Дражавната комија за жалби по јавни набавки, согласно Законот за јавни набавки.

**Одговорно лице**
**Министер**
**Доц. Д-р Венко Филипче**


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk